Република Македонија
Министерство за образование и наука

До
Народен правобранител
Република Македонија

Министерство за образование и наука

Сектор за основно и средно образование
Бр. 12-904/7
29-03-2017 год

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Веб страна: www.mon.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**Предмет**: Известување
**Врска**: Ваш допис бр.59/1 од 23.01.2017 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање информација по однос на доставениот Посебен извештај за општите состојби во однос на остварување правата на жените кои се на издржување казна затвор во КПД „Идризово", Министерството за образование и наука Ве известува за следното:

По обезбедување на условите за реализација на наставата и доставеното известување од страна на КПД „Идризово" до Министерството за образование и наука и Управата за извршување на санкции за искажаниот интерес на жените кои се на издржување казна затвор за видот на средно образование, односно за стручната обука, министерството во соработка со средните училишта ќе организира настава за избраниот вид на средно образование, односно за стручната обука во КПД „Идризово".

Истовремено Ве известуваме дека е формирана работна група со претставници од: Управата за извршување на санкции, УНДП, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување на Република Македонија, Казнено поправен дом - Идризово, Затвор Скопје, Воспитно поправен дом Тетово, Центар за образование на возрасните, ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје, Заедница на единици на локалната самоуправа и Министерство за локална самоуправа, за изготвување на Стратегија за организиран образовен процес во КПУ и ВПУ (2017-2020).

Принципите на оваа стратегија се во тесна поврзаност со принципите на пенитенцијарниот систем, односно изработката на оваа Стратегија е испланирана во Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот

систем (2015-2019). Стратегијата за која можете да добиете повеќе податоци од Министерството за правда, покрај другото опфаќа предлози за подобрување на правната рамка за образование во КПУ и ВПУ, можни решенија за одржлив модел на образование во КПУ и ВПУ, флексибилност и мобилност на предложениот модел за образование и обука во КПУ и ВПУ и друго.

Како стратешки цели на Стратегијата за организиран образовен процес во КПУ и ВПУ (2017-2020) се предвидени:

- Воспоставување на одржлив модел за образование во КПУ/ВПУ,
- Воведување на механизми за проверка на степен на завршено образование во КПУ/ВПУ,
- Комплетирање на основно образование во КПУ/ВПУ,
- Комплетирање на средно образование во КПУ/ВПУ,
- Воспоставување на систем за стручни обуки, градење на материјално-технички и човечки капацитети за образование и обука во КПУ/ВПУ,
- Воведување на програми за постпенална подршка, и
- Усогласување на законските одредби.

Со почит,

Министер
Pishtar Lutfiu

Изготвил: Дана Бишкоска
Даниела Граороска
Одобрил: Елена Ивановска
Safet Neziri